# ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## јануари – јуни 2014 година

за потрошувачката на лекови на рецепт на товар на ФЗОМ во примарната здравствена заштита

Скопје, Септември 2014 година

# Содржина

1. ВОВЕД ........ 2

2. ПОТРОШУВАЧКА НА ЛЕКОВИ НА РЕЦЕПТ НА ТОВАР НА ФЗОМ ВО ПРИМАРНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ........ 2

2.1 Потрошувачка на лекови по број на рецепти ........ 5

2.2 Потрошувачка на лекови по износи ........ 6

2.3 Потрошувачка на лекови по ФЗО-Подрачни служби ........ 7

2.4 Топ 10 најпотрошувани лекови по број на рецепти ........ 10

2.5 Топ 10 најпотрошувани лекови вкупни износи ........ 12

2.6 Потрошувачка на скапи лекови ........ 13

2.7 Потрошувачка на лекови со ослободување од партиципација ........ 14

2.7.1. Потрошувачка на лекови за осигуреници со трансплантирани органи ........ 14

2.7.2. Потрошувачка на лекови за деца со посебни потреби ........ 15

3. ЗАКЛУЧОЦИ ........ 16

# 1. ВОВЕД

Во Законот за здравствено осигурување на Македонија во членот 9 се наведени основните здравствени услуги кои ги обезбедува Фондот за здравствено осигурување на Македонија во кои спаѓаат и лековите од Листата на лекови, за примарна и болничка здравствена заштита.

Лековите од Листата на лекови за примарна здравствена заштита кои се издаваат на рецепт за осигурениците се обезбедуваат преку ПЗУ аптеките со кои Фондот има склучен договор. Аптеките кои имаат склучен договор со Фондот до надлежната подрачна служба на Фондот месечно доставуваат фактури за издадените лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот, во писмена и електронска форма, заедно со пропратна документација согласно Договорот и Техничкото упатство на Фондот за аптеките.

Податоците за издадени лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот во аптеките во примарна здравствена заштита се добиени од Подрачните служби на Фондот преку информатичкиот систем на Фондот.

Процесот на анализа на податоците за потрошувачката на лековите на товар на ФЗОМ во примарна здравствена заштита започна во 2009 година и во следниот период продолжи со поголем интензитет со цел за унапредување на системот на обезбедување лекови за сите осигуреници, примената на законските прописи и ефикасна алокација на финансиските ресурси.

# 2. ПОТРОШУВАЧКА НА ЛЕКОВИ НА РЕЦЕПТ НА ТОВАР НА ФЗОМ ВО ПРИМАРНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Во првата половина на 2014 година обезбедувањето на осигурениците со лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во примарна здравствена заштита се вршеше преку 714 аптеки – организациони единици.

На снабдувањето на осигурениците со лекови на рецепт на товар на Фондот влијаат повеќе фактори како распределбата на финансиските лимити за аптеките (квотите), референтните цени на лековите, бројот на лекови кои се издаваат надвор од квотите на аптеките, како и пропишувачките навики на лекарите и структурата на населението.

Овој извештај е изготвен врз основа на податоци добиени од информатичкиот сиситем на ФЗОМ на ден 22.08.2014 година.

За овој период вкупно се реализирани **9.528.233 рецепти** со вкупен износ од **1.117.921.039 денари**. Во Табела 1 даден е приказ на бројот на реализирани рецепти и вкупните износи за лекови издадени во ПЗУ аптеки кои имаат договор со Фондот за периодот 2011-2014 година, од каде може да се забележи дека континуираниот раст на употребата на лекови во изминатите години продолжува и во првата половина 2014 година.

***Табела 1. Број на реализирани рецепти и исплатени износи по години, за првите половини од 2011-2014 година***

| | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | Индекс 2012/2011 | Индекс 2013/2012 | Индекс 2014/2013 | Индекс 2014/2011 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на рецепти** | 8.225.263 | 8.729.021 | 8.845.368 | 9.528.233 | 1,06 | 1,01 | 1,077 | 1,16 |
| **Вкупен износ (денари)** | 976.067.395 | 995.000.541 | 1.050.084.772 | 1.117.921.039 | 1,02 | 1,06 | 1,065 | 1,15 |

Во првата половина од 2014 година индексот на пораст изнесува 1,077 во однос на бројот на реализирани рецепти што е значително зголемување (7,7%) споредено со трендовите на пораст забележани изминатите години.

За износите кои ФЗОМ ги издвојува за лекови на рецепт, индексот на пораст е 1,065 (6,5%) во споредба со 2013 година, додека во споредба со 2011 година индексот на пораст е 1,16 односно 1,15 во однос на бројот на реализирани рецепти и издвоени средства за лекови на товар на ФЗОМ. Ова значително зголемување на вкупната потрошувачка на лекови во првата половина на 2014 година меѓудругото, е резулатат и на добрата дистрибуција на финансиските средства на Фондот за аптеките (квотите на аптеките со кои Фондот има склучен догоговор) со што се постигнува нивно подобро и целосно искористување. Искористеноста на квотите на аптеките за предметниот период на анализата е 86% на ниво на РМ.

Во Табелата 2 даден е приказ на полугодишната потрошувачка на лекови на рецепт за периодот 2012-2014 година за лековите според АТЦ класификација на прво ниво.

***Табела 2. Потрошувачка на лекови по АТЦ групи за периоот јануари-јуни, 2012-2014 година***

| АТЦ група на лекови (I ниво според АТЦ) | | 2012 (јануари-јуни) | 2013 (јануари-јуни) | 2014 (јануари-јуни) | 2014 Удел (%) | Разлика % 2013/2012 | Разлика % 2014/2013 | Разлика % 2014/2012 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| A Лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот | Број на рецепти | 1.069.593 | 1.104.370 | 1.168.441 | **12,263%** | 3,25 | 5,8 | 9,24 |
| | Вкупен износ | 88.411.958 | 96.490.758 | 96.013.643 | **8,589%** | 9,14 | -0,49 | 8,6 |
| B Лекови кои делуваат на крвта и крвотворните органи | Број на рецепти | 88.956 | 96.004 | 106.310 | **1,116%** | 7,92 | 10,73 | 19,51 |
| | Вкупен износ | 8.068.021 | 8.542.451 | 9.227.732 | **0,825%** | 5,88 | 8,02 | 14,37 |
| C Лекови кои делуваат на срце и крвни садови | Број на рецепти | 3.664.329 | 3.844.530 | 4.178.859 | **43,858%** | 4,92 | 8,7 | 14,04 |
| | Вкупен износ | 260.228.322 | 281.687.357 | 312.379.770 | **27,943%** | 8,25 | 10,9 | 20,04 |
| D Дерамтолошки лекови | Број на рецепти | 93.803 | 97.692 | 108.094 | **1,134%** | 4,15 | 10,65 | 15,24 |
| | Вкупен износ | 10.496.562 | 10.529.115 | 12.061.221 | **1,079%** | 0,31 | 14,55 | 14,91 |
| G Лекови кои делуваат на генитоуринарен тракт и полови хормони | Број на рецепти | 251.525 | 265.962 | 293.593 | **3,081%** | 5,74 | 10,39 | 16,73 |
| | Вкупен износ | 63.318.238 | 71.131.503 | 81.615.338 | **7,301%** | 12,34 | 14,74 | 28,9 |
| H | Број на рецепти | 113.917 | 123.932 | 131.300 | **1,378%** | 8,79 | 5,95 | 15,26 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Лекови со дејство на жлездите со внатрешно лачење со исклучок на полови хормони и инсулин** | Вкупен износ | 13.580.093 | 14.764.903 | 15.571.542 | **1,393%** | 8,72 | 5,46 | 14,66 |
| **J** | Број на рецепти | 1.027.835 | 922.987 | 985.519 | **10,343%** | -10,2 | 6,77 | -4,12 |
| **Антиинфективни лекови за системска употреба** | Вкупен износ | 187.531.278 | 163.596.857 | 166.402.045 | **14,885%** | -12,76 | 1,71 | -11,27 |
| **L** | Број на рецепти | 26.085 | 27.755 | 27.976 | **0,294%** | 6,4 | 0,8 | 7,25 |
| **Антинеопластични и имуномодулаторни лекови** | Вкупен износ | 16.345.132 | 19.128.561 | 18.257.964 | **1,633%** | 17,03 | -4,55 | 11,7 |
| **M** | Број на рецепти | 478.093 | 467.587 | 477.646 | **5,013%** | -2,2 | 2,15 | -0,09 |
| **Лекови со дејство на коскено мускулен систем** | Вкупен износ | 44.836.697 | 46.254.772 | 49.586.676 | **4,436%** | 3,16 | 7,2 | 10,59 |
| **N** | Број на рецепти | 1.322.523 | 1.260.485 | 1.366.241 | **14,339%** | -4,69 | 8,39 | 3,31 |
| **Лекови со дејство на ЦНС** | Вкупен износ | 163.076.791 | 177.371.960 | 168.409.916 | **15,065%** | 8,77 | -5,05 | 3,27 |
| **P** | Број на рецепти | 14.345 | 13.441 | 13.457 | **0,141%** | -6,3 | 0,12 | -6,19 |
| **Лекови за лекување на инфекции предизвикани со паразити** | Вкупен износ | 1.190.468 | 1.093.249 | 1.072.326 | **0,096%** | -8,17 | -1,91 | -9,92 |
| **R** | Број на рецепти | 434.293 | 459.001 | 493.492 | **5,179%** | 5,69 | 7,51 | 13,63 |
| **Лекови за третман на болести на респираторен систем** | Вкупен износ | 114.068.521 | 132.021.727 | 156.456.364 | **13,995%** | 15,74 | 18,51 | 37,16 |
| **S** | Број на рецепти | 143.724 | 161.319 | 176.906 | **1,857%** | 12,24 | 9,66 | 23,09 |
| **Лекови кои делуваат на сензорни органи** | Вкупен износ | 23.848.461 | 27.398.611 | 30.778.870 | **2,753%** | 14,89 | 12,34 | 29,06 |
| **V** | Број на рецепти | / | 303 | 399 | **0,004%** | / | 31,68 | / |
| **Останато** | Вкупен износ | / | 72.947 | 87.632 | **0,008%** | / | 20,13 | / |
| **Вкупно рецепти** | | **8.729.021** | **8.845.368** | **9.528.233** | **100%** | **1,36** | **7,72** | **9,16** |
| **Вкупен износ (денари со 5% ДДВ)** | | **995.000.541** | **1.050.084.772** | **1.117.921.039** | **100%** | **5,54** | **6,46** | **12,35** |

## 2.1 Потрошувачка на лекови по број на рецепти

Од Табелата 2 во однос на бројот на реализирани рецепти за лекови на товар на ФЗОМ може да се забележи дека за разлика од 2012 и 2013 година кога беше забележан тренд на намалување на потрошувачката кај лековите од некои АТЦ групи, особено намалување на потрошувачката на лековте од групите J и N, сега за првата половина на 2014 година се забележува пораст на бројот на рецепти кај сите АТЦ групи на лекови.

Така, во првата половина од 2014 година вкупното зголемување на бројот на реализирани рецепти изнесува околу 7,7 % во споредба со истиот период од 2013 година.

Најголемо зголемување во потрошувачката на лекови за анализираниот период од околу 10,7 % се забележува кај АТЦ групата B (Лекови кои делуваат на крвта и крвотворните органи).

***Графикон 1. Споредба на потрошувачката на лекови по АТЦ групи* во однос на вкупната потрошувачка по број на рецепти (во проценти) за период јануари-јуни 2012-2014 година***




*Легенда:

**A - Лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот**

**B - Лекови кои делуваат на крвта и крвотворните органи**

**C - Лекови кои делуваат на срце и крвни садови**

**D - Дерамтолошки лекови**

**G - Лекови кои делуваат на генитоуринарен тракт и полови хормони**

**H - Лекови со дејство на жлездите со внатрешно лачење со исклучок на полови хормони и инсулин**

**J - Антиинфективни лекови за системска употреба**

**L - Антинеопластични и имуномодулаторни лекови**

**M - Лекови со дејство на коскено мускулен систем**

**N - Лекови со дејство на ЦНС**

**P - Лекови за лекување на инфекции предизвикани со паразити**

**R - Лекови за третман на болести на респираторен систем**

**S - Лекови кои делуваат на сензорни органи**

**V – Останато**

Како и изминатите четири години, така и во 2014 година прва по потрошувачката на лекови по број на реализирани рецепти е АТЦ групата C – лекови за кардиоваскуларниот систем. Процентот на учество на потрошувчката на оваа група на лекови во вкупната потрошувачка е незачително зголемен за околу 0,4% во однос на истиот период лани, односно е зголемен за околу 1,9% во однос на 2012 година.

Втори најмногу трошени лекови по бројот на реализирани рецепти се лековите со дејство на централниот нервен систем. Учеството на оваа група на лекови во вкупната потрошувачка е речиси непроменета во однос на првата половина на 2013 година. Но, за разлика од 2013 година кога беше забележано намалување на потрошувачката на оваа група на лекови, во 2014 година повторно бележи раст и тоа за околу 8%.

На трето место според потрошувачката на лекови по бројот на реализирани рецепти за период од јануари до јуни 2014 година, се лековите од АТЦ групата А - лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот и истите имаат континуиран раст во последните три години.

За разлика од претходните години кога почнувајќи од 2011 година лековите од групата Ј (антиинфективни лекови за системска употреба) бележеа намалување на потрошувачката, кое достигна до 10,3 % намалување во 2013 година, во првата половина на 2014 година повторно се зголемува нивната потрошувачка и тоа за околу 6,7%. Од анализата на потрошувачката на лекови од групата Ј се забележува дека само за АТЦ подгрупата Ј01 (антибактерици за системска употреба, антибиотици) потрошувачката се зголемила за околу 10% во однос на првата половина на 2013 година. Доколку и понатаму продолжи истиот тренд оваа година, извесно е дека може да се очекува пораст и до 11% во бројот на рецепти за овие лекови.

## 2.2 Потрошувачка на лекови по износи

Во однос на средствата кои ФЗОМ ги издвојува за лекови во ПЗЗ, од Табелата 2 може да се забележи дека вкупната потрошувачка од година во година континуирано се зголемува.

Во првата половина од 2014 година зголемувањето на издвоените средства за лекови изнесува околу 6,5 % во однос на истиот период во 2013 година, а околу 12,35 % е зголемен во однос на првата половина од 2012 година. Анализата на издвоените износи за лекови, по АТЦ групи за 2014 година покажува дека и покрај порастот на бројот на реализирани рецепти кај лековите од сите АТЦ групи, имаме намалување на износите издвоени за лекови кај лековите од АТЦ групите N,P, L и незначително кај лековите од група А. Ова е резултат и на последната четврта ревизија на референтните цени на лековите кои почнаа да се применуваат од декември 2013 година. Кај останатите групи на лекови во првата половина на 2014 година има зголемување на издвоените средства.

***Графикон 2. Приказ на споредбата на потрошувачката на лекови по АТЦ групи* во однос на вкупната потрошувачка по износи изразена во проценти за период јануари-јуни 2012-2014 година***



Најголемо намалување на издвоените средства се забележува кај АТЦ групата N за кои намалувањето изнесува околу 5%, кај АТЦ групата L намалувањето изнесува 4,5%.

Во однос на финансиските средства издвоени за лекови, најмногу средства Фондот издвојува за АТЦ групата C - лекови за кардиоваскуларниот систем. Изразено во проценти во првата половина од 2014 година за оваа група издвоени се околу 27,9% од вкупниот износ издвоен за лекови на рецепт, што претставува пораст од околу 1,1% во однос на истиот период 2013 година и пораст од околу 1,7% во однос на првата половина од 2012 година.

На второ место според средствата издвоени за лекови на рецепт се лековите од групата N, односно групата на лекови за ЦНС. Процентот на средствата издвоени за лекови од групата N во вкупните средства издвоени за лекови изнесува околу 15%, односно истиот е намален за околу 1,8% во однос на првата половина на 2013 година.

Антиинфективните лекови за системска употреба (АТЦ група J) се наоѓаат на трето место по процент на издвоени средства во однос на вкупните средства издвоени за лекови во првата половина од 2014 година и со удел од 14,9%. Во однос на истиот период во 2013 година, се бележи намалување на уделот на овие лекови во вкупната потрошувачка за околу 0,7% (Графикон 2).

## 2.3 Потрошувачка на лекови по ФЗО-Подрачни служби

Направена е анализа на потрошувачката на лекови на товар на ФЗОМ по Подрачни служби. Најголем број на рецепти се реализирани на територијата на Подрачна служба Скопје со вкупно 2.985.859 рецепти, што изнесува околу 31,33% од вкупно реализираните рецепти за првата половина на 2014 година

Втора Подрачна служба по реализирани рецепти е Тетово во која се реализирани вкупно 589.150 (6,2%) рецепти, а во Подрачна служба Битола се реализирани вкупно 567.142 (6%) рецепти за лекови на товар на ФЗОМ во 2014 година.

Најмал број на рецепти се реализирале во Подрачна служба Крушево, вкупно 26.682 рецепти односно само 0,28% од вкупно реализираните рецепти за 2014 година.

***Табела 3. Потрошувачка на лекови во ПЗЗ по Подрачни служби на ФЗОМ, 2014 година***

| ФЗО подрачна служба | Број* на осигуреници | Број на рецепти | ДДД/1000 осиг./ден | Вкупен износ (денари) | Удел во вк.број на рецепти | Удел во вкупниот износ | Просечен број на рецепти по осигуреник | Просечен износ по осигуреник (ден.) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| БЕРОВО | 15.304 | 120.998 | 870 | 11.856.100,26 | 1,3% | 1,1% | 7,9 | 774,7 |
| НЕГОТИНО | 18.179 | 136.100 | 832 | 12.844.793,62 | 1,4% | 1,1% | 7,5 | 706,6 |
| ДЕЛЧЕВО | 20.596 | 152.990 | 748 | 15.689.689,80 | 1,6% | 1,4% | 7,4 | 761,8 |
| КИЧЕВО | 40.332 | 280.437 | 742 | 29.142.152,75 | 2,9% | 2,6% | 7 | 722,6 |
| ГЕВГЕЛИЈА | 30.583 | 211.185 | 732 | 21.420.150,90 | 2,2% | 1,9% | 6,9 | 700,4 |
| РЕСЕН | 14.779 | 98.594 | 690 | 10.697.935,27 | 1,0% | 1,0% | 6,7 | 723,9 |
| ДЕМИР ХИСАР | 7.132 | 46.089 | 644 | 4.178.619,06 | 0,5% | 0,4% | 6,5 | 585,9 |
| ВЕЛЕС | 55.701 | 353.993 | 653 | 39.117.535,63 | 3,7% | 3,5% | 6,4 | 702,3 |
| КОЧАНИ | 38.580 | 244.490 | 726 | 27.714.617,04 | 2,6% | 2,5% | 6,3 | 718,4 |
| ПРОБИШТИП | 12.402 | 77.878 | 650 | 7.926.659,49 | 0,8% | 0,7% | 6,3 | 639,1 |
| ОХРИД | 55.891 | 345.511 | 695 | 41.583.062,09 | 3,6% | 3,7% | 6,2 | 744 |
| ПРИЛЕП | 85.564 | 519.405 | 675 | 59.143.311,27 | 5,5% | 5,3% | 6,1 | 691,2 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КРАТОВО | 7.102 | 42.779 | 650 | 4.644.395,24 | 0,4% | 0,4% | 6 | 654 |
| ВАЛАНДОВО | 9.823 | 58.430 | 621 | 5.775.450,46 | 0,6% | 0,5% | 6 | 588 |
| СТРУМИЦА | 82.372 | 486.472 | 651 | 52.967.958,58 | 5,1% | 4,7% | 5,9 | 643 |
| БИТОЛА | 96.344 | 567.142 | 591 | 60.843.804,64 | 6,0% | 5,4% | 5,9 | 631,5 |
| КАВАДАРЦИ | 43.683 | 253.783 | 661 | 32.059.200,39 | 2,7% | 2,9% | 5,8 | 733,9 |
| КРИВА ПАЛАНКА | 19.211 | 109.798 | 577 | 12.571.638,71 | 1,2% | 1,1% | 5,7 | 654,4 |
| ВИНИЦА | 15.735 | 89.338 | 626 | 9.523.150,72 | 0,9% | 0,9% | 5,7 | 605,2 |
| СТРУГА | 49.334 | 266.398 | 569 | 30.884.071,35 | 2,8% | 2,8% | 5,4 | 626 |
| ШТИП | 54.185 | 282.472 | 545 | 32.430.910,22 | 3,0% | 2,9% | 5,2 | 598,5 |
| ДЕБАР | 18.741 | 94.362 | 500 | 11.652.087,28 | 1,0% | 1,0% | 5 | 621,7 |
| СКОПЈЕ | 611.858 | 2.985.859 | 515 | 378.160.730,59 | 31,3% | 33,8% | 4,9 | 618,1 |
| КУМАНОВО | 113.922 | 550.025 | 504 | 67.682.986,42 | 5,8% | 6,1% | 4,8 | 594,1 |
| БРОД | 7.624 | 36.146 | 477 | 3.339.405,99 | 0,4% | 0,3% | 4,7 | 438 |
| СВЕТИ НИКОЛЕ | 16.662 | 70.771 | 446 | 8.186.443,51 | 0,7% | 0,7% | 4,3 | 491,3 |
| РАДОВИШ | 26.338 | 108.467 | 452 | 12.578.334,88 | 1,1% | 1,1% | 4,1 | 477,6 |
| ГОСТИВАР | 80.612 | 322.489 | 419 | 40.177.767,16 | 3,4% | 3,6% | 4 | 498,4 |
| ТЕТОВО | 154.969 | 589.150 | 397 | 69.934.877,20 | 6,2% | 6,3% | 3,8 | 451,3 |
| КРУШЕВО | 8.405 | 26.682 | 334 | 3.193.198,25 | 0,3% | 0,3% | 3,2 | 379,9 |
| **Вкупно/ просечно** | **1.811.963** | **9.528.233** | **18.192** | **1.117.921.039** | **100%** | **100%** | **5,26** | **617** |

***- бројот на осигуреници во текот на месеците е променлив***

Со вкупните износи (референтна цена на лекот, услугата за аптеката и ДДВ) најмногу средства за лекови се издвоени во Скопје со 378.160.730 денари со 33,8% учество во вкупниот износ, во Тетово издвоени се 69.934.877 денари со 6,3% од вкупниот износ на ниво на РМ и Куманово со 67.682.986 денари или 6,1% со што се наоѓа на трето место по издвоените средства за лекови на рецепт.

Најмалку средства за лекови се издвоени во Подрачна служба Крушево каде се издвоени само 0,3% од вкупниот износ за лекови на товар на ФЗОМ или 3.193.198 денари.

Партиципацијата од осигурениците во вкупниот износ е во износ од 165.989.733 денари за првата половина од 2014 година.

Следење на потрошувачката на лекови по дневна дефинирана доза (ДДД) за лековите по генерика според интернационалната методологија на Светската здравствена организација се прави и по ФЗО Подрачни служби (Табела 3). Според добиените вредности за ДДД на 1000 осигуреници на ден, се забележува зголемување на потрошувачката на лекови по дневна дефинирана доза (ДДД) во сите Подрачни служби со исклучок на Подрачна служба Виница. Најголема потрошувачка на лекови според ДДД како и во истиот период 2013 година има во Подрачна служба Берово со вкупно 870 ДДД/1000 осигуреници/ден, на второ место е Подрачна служба Неготино со 832 ДДД/1000 осигуреници /ден, а на трето место Подрачната служба Делчево со 748 ДДД/1000 осигуреници/ден.

Во Подрачна служба Крушево се искористени најмалку лекови со 334 единици ДДД/1000 осигуреници/ден за оваа подрачна (Графикон 3).

Просечно по ДДД/1000 осигуреници/ден на ниво на РМ за лекови на рецепт се трошат 606 единици.

***Графикон 3. Потрошувачка на лекови по ДДД/1000 осигуреници/ден по Подрачни служби, 2014 година***




Според бројот на реализирани рецепти по осигуреник по подрачни служби на Фондот (Графикон 4) се гледа дека најмногу рецепти по осигуреник се реализирани во Подрачна служба Берово со просечно 7,9 рецепти по осигуреник, во Подрачна служба Неготино се реализирани просечно по 7,49 рецепти по осигуреник, додека во Подрачна служба Делчево по осигуреник се реализирани просечно по 7,43 рецепти во анализираниот период. Најмал број на рецепти по осигуреник се реализирани во Подрачна служба Крушево со 3,2 рецепти по осигуреник просечно.

На ниво на РМ во првата половина од 2014 година просечно се реализирани 5,26 рецепти по осигуреник, додека претходната година овој број бил 5,16 рецепти што е за 2% зголемување.

***Графикон 4. Просечен број на реализирани рецепти по осигуреник по Подрачна служба на ФЗОМ***




Според анализата на вкупниот просечен износ (Графикон 5) издвоен по осигуреник по подрачни служби, најмногу средства за лекови на товар на ФЗОМ по осигуреник се потрошени во Берово со околу 774,71 денари по осигуреник, во Делчево се издвоени околу 761,78 денари, а во Охрид се издвоени околу 744,00 денари. Најмалку средства по осигуреник за лекови од примарна здравствена заштита се издвоени во Крушево каде просечниот износ издвоен за лекови е околу 379,92 денари по осигуреник.

На ниво на РМ просечно се издвоени околу 617 денари по осигуреник, што претставува зголемување од 0,6% во споредба со истиот период лани.

*Графикон 5. Просечен износ во денари по осигуреник по Подрачна служба на ФЗОМ*




## 2.4 Топ 10 најпотрошувани лекови по број на рецепти

Во првите десет најкористени лекови по генерика за првата половина на 2014 година се истите генерики на лекови како и за првата половина на 2013 година (Табела 4).

***Табела 4. Топ 10 – најкористени лекови по АТЦ класификација - петто ниво,прва половина на 2014 година***

| Реден број | АТЦ код | Генеричко име-INN | Број на рецепти | Удел во вкупниот број рецепти (%) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | C09AA02 | Enalapril | 897.286 | 9,42% |
| 2 | C04AD03 | Pentoxifylline | 455.103 | 4,78% |
| 3 | C09AA03 | Lisinopril | 438.745 | 4,60% |
| 4 | N05BA01 | Diazepam | 425.129 | 4,46% |
| 5 | A10BA02 | Metformin | 366.401 | 3,85% |
| 6 | C07AB07 | Bisoprolol | 289.995 | 3,04% |
| 7 | J01CR02 | Amoxicillin +clavulanic acid | 281.487 | 2,95% |
| 8 | C10AA05 | Atorvastatin | 262.442 | 2,75% |
| 9 | M01AB05 | Diclofenac | 260.069 | 2,73% |
| 10 | A02BA02 | Ranititdine | 254.461 | 2,67% |
| | | **Вкупно** | **3.931.118** | |
| | | **Удел во вкупната потрошувачка** | | **41,26%** |

Најкористен лек по бројот на рецепти во првата половина на 2014 година е лекот со генеричко име „enalapril“ со вкупно 897.286 реализирани рецепти, што е раст за околу 8% во однос на

реализираните рецепти истиот период минатата година. Учеството на 10-те најкористени лекови во вкуната потрошувачка останува речиси непромената во однос на првата половина на 2013 година, односно има минимално зголемување од 0,14%.

***Графикон 6.Топ 10-најкористени лекови по генерика по број на рецепти, прва половина на 2014г.***




Доколку се анализира потрошувачката на лекот кој изминатите пет години е најпотрошуван лек според методата по дневно дефинирани дози на лек (ДДД)/осигуреник/ден, се покажуваат големи варијации помеѓу подрачните служби, кои се прикажани во Графиконот 7.

Најголема потрошувачка на овој лек се забележува во Берово со 0,206 ДДД/осигуреник/ден, додека најмала потрошувачка овој лек има во Гостивар со 0,0394 ДДД/осигуреник/ден или може да се каже дека лекот Enalapril во Гостивар се троши за 5.2 пати помалку отколку во Берово, на што извесно е дека влијае возрасната структура на населението, пропишувачките навики на лекарите и други фактори. Како што може да се види од Графиконот 7, во Кочани, Кратово и Пробиштип најпотрошуван лек е Lizinopril (АЦЕ инхибитор) за разлика од другите градови каде е лекот Enalapril е на прво место по потрошувачка.

***Графикон 7. Топ 10 - најкористени лекови по АТЦ петто ниво, по ФЗО подрачни служби во првата половина на 2014 година (ДДД/осигуреник/ден)***



## 2.5 Топ 10 најпотрошувани лекови вкупни износи

***Табела 5. Топ 10- најкористени лекови по износи во првата половина на 2014 година по вкупен износ***

| Реден број | АТС код | Генеричко име-INN | Вкупен износ | Удел во вкупниот износ (%) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | C10AA05 | Atorvastatin | 56.000.862,42 | 5,01% |
| 2 | J01CR02 | Amoxicillin +clavulanic acid | 45.332.438,56 | 4,06% |
| 3 | G04CA02 | Tamsulosin | 41.794.470,75 | 3,74% |
| 4 | R03AK06 | Salmeterol, fluticasone | 38.345.560,49 | 3,43% |
| 5 | C04AD03 | Pentoxifylline | 37.133.881,03 | 3,32% |
| 6 | R03BA05 | Fluticasone | 35.619.434,68 | 3,19% |
| 7 | C10AA07 | Rosuvastatin | 35.211.341,44 | 3,15% |
| 8 | C09CA01 | Losartan | 33.524.397,04 | 3,00% |
| 9 | J01DD08 | Cefixime | 29.768.408,22 | 2,66% |
| 10 | C09AA02 | Enalapril | 28.270.808,41 | 2,53% |
| | | **Вкупно** | **381.001.603** | |
| | | **Удел во вкупната потрошувачка** | | **34,08%** |

Лек за кој што ФЗОМ во првата половина на 2014 година издвоил најголем износ на финансиски средства е лекот Atorvastatin (хиполипемик) за кој се издвоени вкупно околу 56 милиони денари со 5% улество во вкупниот износ (Табела 6) или за околу 245.000 денари повеќе од лани за истиот лек.

***Графикон 8. Топ 10 - најкористени лекови (генерика, АТЦ петто ниво) во првата половина на 2014 година по вкупен износ (денари)***




Со анализа на потрошувачката на лекови кои Фондот ги обезбедил без доплата од осигурениците во споредба со потрошувачката на лекови со доплата, околу 21,7% од рецептите

отпаѓаат на лековите без доплата или 46,4% од вкупниот износ отпаѓа на лекови без доплата (Графикон 9).

***Графикон 9. Процентуален приказ на потрошувачката на лекови со и без доплата во првата половина од 2014 година***




ФЗОМ ги задолжи сите здравствени установи и работници да ги информираат осигурениците на Фондот за можноста за подигање лек на рецепт без доплата од нивна страна.

Овие резултати покажуваат дека осигурениците на Фондот се уште не се доволно информирани за нивните права и можноста за избор на лек без доплата, аптеките не набавуваат доволно лекови без доплата или осигурениците од одредени причини одлучуваат да подигнат лек на рецепт на товар на Фондот кој е со доплата.

## 2.6 Потрошувачка на скапи лекови

Вкупниот број на реализирани рецепти за лековите опфатени со Одлуката за утврдување на скапи лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ за периодот јануари-јуни 2014 година изнесува 17.056 рецепти за кои се издвоени вкупно 31.679.871,83 денари што е за 1.752.336 денари помалку од минатата година. При тоа, бројот на рецептите е зголемен за 1.287 рецепти.

Порастот во бројот на реализирани рецепти за скапите лековите е за околу 8,1%, а намалувањето на вкупниот износ за овие лекови е за 5,24%.

Причина за ситуацијата погоре прикажана е секако четвртата ревизија на референтните цени на лековите кои паѓаат на товар на ФЗОМ, со која се намалија референтите цени на некои од овие лекови, со што се овозможи да се обезбедат повеќе лекови, особено скапи лекови за помалку средства. При тоа, за секоја од овие генерики има најмалку по еден лек без доплата.

Во Табелата 7 е даден преглед на издадените лекови кои се опфатени со Одлуката за утврдување на скапи лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ. Потрошувачката за овие лекови е пресметана во вкупната потрошувачка за лекови на рецепт во првата половина од 2014 година, дадени во точка 2 од овој извештај.

Уделот на скапите лекови во вкупните износи во првата половина на 2014 година е 2,83% или за 0,35% помалку од истиот период минатата година.

Учеството на скапите лекови во вкупниот број на рецепти е непроменет во споредба со претходната година, 0,18%.

*Табела 7. Приказ на потрошувачката на скапи лекови во период јануари – јуни 2012-2014 година*

| Реден број | АТЦ ознака | Генеричко име на лекот | Број на рецепти I половина 2012 год. | **Вкупен износ (денари со 5% ДДВ) 2012 год.** | Број на рецепти I половина 2013 год. | **Вкупен износ (денари со 5% ДДВ) 2013** | Број на рецепти I половина 2014 год. | **Вкупен износ (денари со 5% ДДВ) 2014 год.** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | A07EC02 | MESALAZINE | | | 248 | **402.752** | 790 | **603.713,99** |
| 2 | A09AA02 | AMILASE +LIPASE + PROTEACE/PANKREATIN | | | 7.688 | **3.983.363** | 8.353 | **4.863.274,16** |
| 3 | H01BA02 | DESMOPRESSIN | 279 | **632.772** | 388 | **971.937** | 1.567 | **3.192.550,60** |
| 4 | J05AB04 | RIBAVIRIN | 296 | **5.817.144** | 273 | **5.035.343** | 187 | **2.326.027,63** |
| 5 | J05AF05 | LAMIVUDINE | 434 | **1.323.845** | 722 | **2.069.978** | 821 | **2.282.637,25** |
| 6 | L04AA01 | CICLOSPORIN | 1.829 | **2.992.175** | 1.944 | **3.180.172** | 1.700 | **2.685.802,00** |
| 7 | L04AA05 | TACROLIMUS | 27 | **255.420** | 275 | **2.057.481** | 1.055 | **2.222.718,90** |
| 8 | L04AA06 | MYCOPHENOLIC ACID | 1.862 | **6.860.293** | 1.810 | **6.997.343** | 503 | **6.541.918,36** |
| 9 | M05BA02 | CLODRONIC ACID | 148 | **1.130.425** | 170 | **1.248.333** | 95 | **697.442,50** |
| 10 | N03AX14 | LEVETIRACETAM | | | 2.251 | **7.485.505** | 291 | **763.491,98** |
| 11 | G03HA01 | CYPROTERONE | 4.046 | **5.752.200** | / | **/** | / | **/** |
| 12 | N02AA01 | MORPHINE | / | **/** | / | **/** | 23 | **15.124,14** |
| 13 | A05AA02 | URSODEOXYCHOLIC ACID | / | **/** | / | **/** | 266 | **429.603,82** |
| 14 | N04BC05 | PRAMIPEXOLE | / | **/** | / | **/** | 1.403 | **5.052.904,50** |
| | | ВКУПНО | 8.921 | **24.764.275** | 15.769 | **33.432.207** | 17.056 | **31.679.871,83** |
| | | Удел во вкупната потрошувачка | 0,10% | **2,49%** | 0,18% | **3,18%** | 0,18% | **2,83%** |

## 2.7 Потрошувачка на лекови со ослободување од партиципација

### 2.7.1. Потрошувачка на лекови за осигуреници со трансплантирани органи

Согласно Програмата за партиципација при користење на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата – трансплантација на органи во РМ за 2014 година, средствата за партиципација на осигурените лица со трансплантирани органи за набавка на лековите: Mycophenolic acid таблети 180 mg, 250mg, 360mg и 500mg како и Ciclosporin таблети 25mg, 50mg, 100mg и раствор 100mg/ml, треба да се обезбедуваат преку Буџетот на Република Македонија преку Министерството за здравство на РМ.

Во првата половина на 2014 година за горенаведените лекови обезбедени за осигурени лица со трансплантирани органи, пресметаните средства за партиципација се во износ од 808.110,00 денари (Табела 8 ).

Рецептите во првата половина од 2014 година се помалку за 155 рецепти, а вкупниот износ е зголемен за 568.323 денари или за 6% повеќе од претходната година. Гледајќи ја структурата на рецептите, се забележува дека за лекот Ciclosporin во 2013 година биле 1.686 рецепти додека во 2014 година истиот период овој број е 1.454 рецепти (намалување за 13,75%).

Зголемувањето на трошоците се должи на зголемувањето на бројот на рецепти за лекот Mycophenolic acid. Имено, бројот на рецепти за овој лек во првата половина од 2013 година бил 1.789, додека во истиот период на 2014 година бројот на рецептите е 1.866 (зголемување за 4,3%).

***Табела 8. Потрошувачка на лекови за лица ослободени од партиципација по основ дијагноза трансплантација на органи (МКБ-10, дијагноза Z94) според Програма на Влада на РМ***

| АТЦ | Генеричко име на лекот INN | Број на рецепти 2012 г. | Вкупен износ 2012 г. | Пресметана партиц. 2012 | **Број на рецепти 2013** | **Вкупен износ 2013** | **Пресметан партицип. 2013** | Број на рецепти 2014 | Вкупен износ 2014 | Пресметана партицип. 2014 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| L04AA01 | **Ciclosporin** | 1.536 | 2.301.289 | 307.090 | **1.686** | **2.555.090** | **345.460** | 1.454 | 2.134.789 | 291.310 |
| L04AA06 | **Mycophenolic acid** | 1.796 | 6.647.587 | 553.680 | **1.789** | **6.906.616** | **498.920** | 1.866 | 7.895.240 | 516.800 |
| | **Вкупно** | 3.332 | 8.948.876 | 860.770 | **3.475** | **9.461.706** | **844.380** | 3.320 | 10.030.029 | 808.110 |
| | **Удел во вкупната потрошувачка** | 0,04% | 0,90% | | **0,04%** | **0,90%** | | 0,034% | 0,9% | |

## 2.7.2. Потрошувачка на лекови за деца со посебни потреби

Согласно членот 34 од Законот за здравствено осигурување, од учество со лични средствата при користење на здравствени услуги и лекови ослободени се и децата со посебни потреби, според прописите за социјална заштита. Во првата половина на 2014 година за осигурените лица - деца со посебни потреби, се реализирани околу 13.685 рецепти со вкупен износ од 3.330.777 денари.

Пресметаните средства за партиципација се во износ од 478.220 денари, што опфаќа 0,28 % од вкупната партиципација за лекови на товар на Фондот (Табела 9 ).

Потрошувачката за овие лекови е пресметана во вкупната потрошувачка за лекови на рецепт во првата половина од 2014година, дадени во точка 2 од овој извештај.

***Табела 9. Потрошувачка на лекови со ослободување од партиципација според Законот за здравствено осигурувањ за деца со посебни потреби***

| | **Број на рецепти** | **Вкупен износ (денари со 5% ДДВ)** | **Пресметана партиципација** |
|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 13.685 | 3.330.777 | 478.220 |
| **Удел во вкупната потрошувачка** | 0,14% | 0,29% | 0,28% |

## 3. ЗАКЛУЧОЦИ

- ✓ Снабдувањето на осигурениците со лекови на рецепт на товар на ФЗОМ во примарната здравствена заштита во континуитет оди во нагорна линија, почнувајќи од 2009/10 година до денес, а доказ за тоа е постојаното зголемување на бројот на реализирани рецепти во последните четири години и тоа од 8.225.263 рецепти во првата половина од 2011 година, до 9.528.233 рецепти во првата половина од 2014 година (зголемување од 16%).
- ✓ Се забележува зголемување на вкупните износи потрошени за лекови на рецепт на товар на ФЗОМ кои бележат значаен пораст во споредба на податоците за првите половини од 2011 со 2014 година. Имено, од 976.067.395 милиони денари во 2011 година, сега за првата половина од 2014 година овој износ е 1.117.921.039 денари, што претставува зголемување од 15%.
- ✓ Фактори кои влијаат на зголемената потрошувачка на лекови на рецепт на товар на ФЗОМ во аптеките се референтните цени на лековите и распределбата на финансиските лимити на аптеките (квотите). Значителни разлики има во потрошувачката на одредени лекови по подрачни служби на ФЗОМ, бидејќи на потрошувачката влијаат и пропишувачките навики на лекарите, структурата на населението и други фактори.
- ✓ Во Берово најмногу се трошат лекови на рецепт на товар на Фондот, со 870 единици ДДД/1000 осигуреници/ден, просечно по 7,9 рецепти по осигуреник односно 775 денари по осигуреник во првата половина од 2014 година.
- ✓ Најмалку лекови на рецепт на товар на ФЗОМ се трошат во Крушево, со 335 ДДД/1000 осигуреници/ден, просечно по 3,17 рецепти по осигуреник односно по 380 денари по осигуреник во првата половина од 2014 година.
- ✓ На ниво на РМ, во првата половина од 2014 година просечно се реализирани 5,26 рецепти по осигуреник, додека претходната година овој број бил 5,16 рецепти што е за 2% зголемување. Просечно се издвоени околу 617 денари по осигуреник, што претставува зголемување од 0,6% во споредба со истиот период лани. Просечно по ДДД/1000 осигуреници/ден на ниво на РМ за лекови на рецепт се трошат 606 единици.
- ✓ Најпотрошуван лек според бројот на рецепти е Enalapril со 9,42% учество во вкупниот бројот на рецепти или 2,53% учество во вкупниот износ.
- ✓ Најмногу средства се потрошени за лекот Atorvastatin со 5% учество во вкупниот износ за лекови на рецепт, односно со 2,75% негово учество во вкупниот број на рецепти.
- ✓ Лековите без доплата се застапени со удел од 21,7% во вкупниот број рецепти или со 46,4% во вкупните средства за лекови.
- ✓ Има порастот во бројот на реализирани рецепти за скапите лековите за околу 8,1% односно сега овој број е 17.056, додека вкупниот износ за овие лекови е намален за 5,24% односно изнесува 31.679.872 денари.
- ✓ Следењето, контролите и анализите на потрошувачката на лекови на рецепт на товар на ФЗОМ треба да придонесат за подобра рационална употреба на лекови со ефикасно и наменско користење на расположивите ресурси на ФЗОМ за лековите на рецепт.